# Ново Срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 131 Дата: 14. 05. 2012.**

## ХРИСТИЈАНСКИ ХУМОР




Во една берберница, влегол еден фармер да се подстриже. Кога берберот завршил со подстрижувањето, фармерот го извадил паричникот за да му плати, но берберот го прекинал со зборовите: „не треба ништо да ми плаќате овој пат, бидејќи прв пат доаѓате како муштерија во мојот дуќан.“ Фармерот се заблагодарил и си заминал. Следното утро, кога берберот пошол на работа, пред својот дуќан начекал една плетена корпа, полна со јајца, кои ги оставил фармерот, во знак на благодарност.

По неколку дена, во истата берберница влегол и еден доктор. Берберинот и нему му го одговорил истото, на што докторот се заблагодарил и си заминал. Следниот ден, берберот наишол на кутија, полна со чоколада.

По некое време, наминал и еден свештеник, за да се подстриже. Берберинот одбил и нему да му земе пари. Следниот ден, пред дуќанот берберот начекал голема група свештеници, кои чекале ред за подстрижување.




Во селска кафеана, масите се полни со луѓе, кои таму си го минуваат своето попладне. Наеднаш влегува еден селанец, видно возбуден. „Денес мојот син, враќајќи се од училиште, паднал во реката и за малку ќе се удавел. Но, некој човек му го спасил животот. Сакам да ве прашам, знаете ли кој беше тоа?“, ги запрашал селанецот гласно.

-“Јас го спасив вашиот син“, одговорил еден од присутните. -„А каде му е капата“, прашува таткото.




Во едно мало село, еден верник оди во црквата и му се жали на свештеникот: "Животот ни е неподнослив. Деветмина живееме во една, мала соба. Што можеме да направиме?" Свештеникот му одговорил: "Земи си една коза и стави ја во истата соба, во која живеете сите."

Човекот бил скептичен, но свештеникот инсистирал: "Направи како што ти кажав и врати се за една недела."

Една недела подоцна, тој се враќа, уште по разочаран. "Ова веќе не се издржува. Козата е гнасна и смрди", се жалел верникот. Свештеникот му одговорил: "Оди дома, извади ја козата надвор и пак врати се по една недела."

Една недела подоцна, изјавил; „Животот е прекрасен“. Сега, кога ја нема козата, а останавме само ние деветмината, го уживаме секој момент во собата."

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**